ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО
ЛИСИЧЕ
Бр. 02-339/4
26.05.2026 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 17 став 2 точка 10 од Статутот на Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес и член 19 став 2 точка 10 од Законот за јавни претпријатија, Управниот одбор на ЈПВ Лисиче-Велес на седница одржана на ден 26.05.2026 година, донесе:

О Д Л У К А
за избор на Директор на ЈПВ "Лисиче"-Велес

Член 1

За Директор на Јавното претпријатие за водостопанство "Лисиче"-Велес, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот Ванче Маневски од Велес, со живеалиште на ул.Андон Шурков број 6/4-8 во Велес, со ЕМБГ 2505988480020, дипломиран земјоделски инженер, државјанин на Република Северна Македонија,

Директорот на Јавното претпријатие за водостопанство " ЛИСИЧЕ-Велес, стапува на функција сметано од 27.05.2026 година.

Член 2

Директорот на Јавното претпријатие за водостопанство "Лисиче"-Велес, се избира со мандат од 4 (четири) години.

Член 3

Претседателот на Управен одбор и Директорот на Јавното претпријатие за водостопанство "Лисиче"-Велес, ќе склучат Договор за уредување на односите помеѓу ЈПВ Лисиче Велес и Директорот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот одбор на ЈПВ Лисиче-Велес со Одлука бр.02-314/3 од 11.05.2026г. распиша Јавен конкурс за избор на Директор на ЈПВ Лисиче-Велес, кој е објавен на ден 13.05.2026 година во дневните печати "Вечер", "Слободен печат", "Коха" и на веб страната на претпријатието, согласно Закон за јавни претпријатија, Статутот на ЈПВ Лисиче-Велес и условите предвидени во Правилникот за систематизација и внатрешна организација на претпријатието.

На објавениот јавен конкурс се пријави 1 (еден) кандидат и тоа Ванче Маневски од Велес и по проверка на доставената пријава и докази, Управниот одбор констатира дека пријавата ги содржи сите барани докази и кандидатот ги исполнува условите за директор предвидени во член 23 од Закон за јавни претпријатија.

По спроведената постапка, Управниот одбор на ЈПВ Лисиче-Велес доенесе одлука со која кандидатот Ванче Маневски го избра за Директор на ЈПВ Лисиче-Велес.

Доставено до:
-канидатот
-архива

ЈПВ Лисиче-Велес
Претседател на Управен одбор
Златко Крлев

Велес
26.05.2026 година

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС